признаци дават еднакви основания за причисляване към даден слой. Статусната принадлежност на изолиран индивид (пенсионер с ниска пенсия, безработен и т.н.) може да варира по значимост с оглед общия статус на семейството или пък други източници на доход. Като цяло слоят на бедните е социално патологичен, в смисъла на Дюркем за патологични социални факти, не само поради прекалено голямия брой на включените в него, но и поради детерминацията от принуди, които произтичат от ирационалността на социалната, икономическата, правната и политическа среда. Синтетичен показател на тази ирационалност са половинчатите или продължително блокирани икономически, институционални и правни реформи, и съвсем не на последно място извънредно тежкото бреме, оставено след колапса на комунистическия тоталитаризъм в България. Необходимо е да се подчертае обаче съществената роля на формираните хабитуси в условията на тоталитаризма, които са съвсем нерелевантни на рисковото общество и са чужди на самоинициативата, поемането на лична отговорност, развитието на модулност в динамичната обществена среда и т.н.

Формиращата се средна класа в постоталитарното българско общество включва хора, които своевременно се освобождават от споменатите хабитуси, усвояват новите правила и дори в някои случаи дръзко нарушават непроменените стари правила или се движат на границата на легалното и легитимното, манифестират модулно поведение, стремят се да поемат рационално пресметнат риск, колкото и такова пресмятане да е трудно. И в случая на формирането на средната класа са необходими различни съчетания на признаци, като в тези съчетания един и същ признак може да има съвсем различна тежест: в една комбинация степента на образование или професионалната принадлежност могат да имат ключово значение, а в друг случай, същите тези признаци да са напълно пренебрежими. Когато българското общество достигне консистентна демократична и модерна капиталистическа система, т.е. преходът, за който става дума се



осъществи, то тогава ще бъде възможно значително по-непротиворечиво дефиниране на социалните слоеве.

Съществуващите социални неравенства са диаболични и за съжаление не са мобилизиращи креативните възможности и ресурси на хората и социалните групи. Разпределението на социалната цена на прехода се преценява от голяма част от обществото като несправедливо. Всичко това затруднява формирането на възприятие на справедливостта, основаваща се на нормални социални неравенства, които са нейно фундаментално условие. Такива преобразувания включват, освен всичко друго, изграждането на нови морални основи на българското общество.

# МАКРОЕКОНОМСКАТА ПОЛИТИКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И СОЦИЈАЛНОТО РАСЛОЈУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО

*Благоја Наневски*

Основна цел на секоја макроекономска политика претставува остварувањето на високо ниво на стопанска и општествена развиеност, целосна вработеност и висок животен стандард на населението. Економската и социјалната цена на транзицијата кон пазарно стопанисување и на борбата против инфлацијата е голема. Во сите земји во транзиција настана значително намалување на производството и на реалниот бруто домашен производ, пораст на невработеноста, високи стапки на инфлација, зголемување на дефицитот во билансот на плаќањата, осиромашување и опаѓање на животниот стандард на населението, како и негово социјално раслојување. По правило, во земјите кои што се наоѓаат на повиосоко општествено-економско и културно ниво на развиеност цената на транзицијата е помала и обратно, земјите со пониско општествено-економско и културно ниво на развиеност платија и сеуште плаќаат висока цена на преодот кон пазарната економија. Исто така, во овие земји настана и поголемо социјално раслојување на населението.

Во Република Македонија приватизацијата и обликувањето на стопанскиот систем согласно пазарните елементи на стопанисување, како и стабилизационата политика, слично на другите земји во транзиција, извршија големо влијание врз социјалното раслојување на населенеието. За разлика од повеќето земји во транзиција, Република Македонија во периодот по осамостојувањето се соочуваше и сеуште се соочува, со неповолно надворешно окружување и со разни видови на притисоци, што предизвикаа процесот на транзиција да се остварува во релативно потешки услови. Овие специфичности неповолно



се одразија врз брзината на остварувањето на процесот на транзицијата, врз динамиката на стопанскиот растеж, како и врз сите аспекти на квалитетот на живеењето. Притоа, треба да се има предвид дека сегашната состојба во добар дел е предизвиката и од сопствените слабости кои придонесоа економската и социјалната цена на овој процес да е релативно повисока.

## 1. Концептот на макроекономската политика

Периодот на транзицијата се карактеризира со инфлаторни појави во сите земји кои минуваат низ овој процес. Само еден дел од нив имаат успех во остварувањето на макроекономска стабилност[1]. Меѓутоа, само неколку земји и тоа оние централно европските, по стабилизацијата на економијата за период од околу две години, излегоа од рецесијата и веќе го имаат достигнато или надминато нивото на производството од периодот пред почетокот на транзицијата.

Високите стапки на инфлација во периодот на транзиција се главно од монетарен карактер, што налагаа контролата на инфлацијата да се остварува со монетарна рестрикција. Монетарните рестрикции, пак, се состојат од повеќе мерки вклучувајќи и строги буџетски ограничувања (во прв ред со намалување на буџетската подршка), намалување на директните кредити на државните претпријатија, општа либерализација на цените, како и пазарно утврдување на девизниот курс. Ваквата политика на контрола на инфлацијата е скоро идентична со стабилизационите програми на ММФ. Околу дваесет земји во транзиција применуваат стандардни програми на ММФ, со различна успешност во стабилизирањето на економијата.

Феноменот на отворена инфлацијата беше подолго време присутен во поранешна Југославија, што се одразуваше и на состојбите во Република Македонија. Во првите години на

[1] Иако инфлацијата е контролирана со релативно краток тиме лаг од 3-4 месеци, одложениот ефект помеѓу контролата на инфлацијата и почетокот на оздравувањето и порастот на стопанскиот растеж е релативно долг и изнесува 18-24 месеци. Economic Transformation. The Tasks Still Ahead. A Symposium. Per Jacobson Foundation, Washington D.C., 1995, p.25.

самостојноста на Република Македонија, исто така, беше присутен овој економски феномен. Затоа, воспоставувањето на стабилност на македонското стопанство и сузбивањето на инфлаторните очекувања е поставена како една од главните цели на макроекономската политика и неопходен предуслов за реализација на реформите за воведување на пазарна економија.

Република Македонија спаѓа во редот на земјите каде соборувањето на инфлацијата е остварено на краток период и мошне успешно. Според брзината во соборувањето на инфлацијата и висината на стапките на инфлацијата, Република Македонија спаѓа во редот на најуспешните помеѓу земјите во транзиција (на крајот на 1997 година стапката на инфлацијата изнесува 4.5% што ја става Република Македонија, заедно со Република Хрватска, во редот на земјите со најниска стапка на инфлација).[2] Девизниот курс е стабилен, а дефицитот на буџетот е намален од 12.6% учество во бруто домашниот производ во 1992 година, на само 1.9% на крајот на 1997 година.

Врз концептот на макроекономската стабилизациона политика влијаеше и фактот што денарот е формиран (на 30 април 1992) како чиста книжна валута чии што кредитибилитет, во отсуство на официјални девизни резерви, не можеше да се засновува на девизен стандард. Тоа наложи довербата кон денарот да се формира со обезбедување на негова трајна стабилност, односно со брзо и трајно зауздување на инфлацијата. Притоа, се тргна од претпоставката за стабилноста како неопходен услов за зголемување на штедењето, ефикасната алокација на инвестициите и забрзување на стопанскиот развој, како и за долгорочните штетни последици што инфлацијата ги има врз инвестициите и развојот, вработувањето, прераспределбата на доходот, животниот стандард на населенеието и сиромаштијата.

Македонската стабилизациона политика се остварува пред

[2] Годишен извештај 1977. Народна банка на Република Македонија, с.33.



се со намалување на побарувачката. За таа цел се користат монетарната, фискалната политика и политика на доход. Со овие три компоненти е остварено намалување на обемот на паричната маса и на вкупната побарувачката, што придонесе за успешното спроведување на стабилизацијата на денарот. Со контролата на платите е остварено лимитирање на платите на лицата кои се алиментираат од буџетот, како и на лицата во општествените претпријатија. Ваквата политика предизвика намалување на платите во 1994 година и нивна стагнација во целиот период по 1995 година. За стабилноста придоенесе и намалениот обем на производството и на вкупната понуда. Намалувањето на производството и на понудата делумно е компензирано со поголем увоз, што, од своја страна, предизвика зголемување на дефицитот на тековната сметка на билансот на плаќањата.

Во 1996 година девизниот курс се претвори во основна цел (таргет) на монетарната, а со тоа и на макроекономската политика на Република Македонија. Со неговото фиксирање кон германската марка, се сакаше да се оствари дефинитивно сузбивање на инфлацијата, како и на инфлаторните очекувања. Ваквата политика е задржана во 1997 и 1998 година.

Врзаниот (пегген) девизен курс води кон пониска инфлација, но и до побавен стопански растеж. Примерите на земјите во развој и во земјите во транзиција покажуваат дека производството и бруто домашниот производ повеќе растеле во земјите со флуктиурачки отколку со фиксен курс. По правило, политиката на врзан курс треба да води кон трајно намалување на инфлацијата, отстранување на несигурноста, зголемување на инвестициите и намалување на каматните стапки. Искуството од примената на врзан курс во македонското стопанство покажува дека е остварена само една од спомнатите цели и тоа намалување на инфлацијата. Производството и БДП значително опаднаа, обемот на инвестициите мал, реалните каматни стапки високи (околу 18-24% годишно), додека дефицитот на трговскиот биланс расте. Затоа, присутно е уверувањето дека врзаниот курс ја одигра својата улога, бидејќи се претвори во

своја спротивност делувајки неповолно на стопанскиот развој, на вработеноста и на билансот на плаќањата.

## 2. Макроекономската политика и социјалното раслојувањ на населението

Дезинфлационите трошоци се нормална појава при соборувањето на инфлацијата. Појавни облици на дезинфлационите трошоци се намалувањето на стопанската активност и производството, намалување на вработеноста, како и опаѓање на платите и на животниот стандард на голем дел од населенеието. Дезининфлационите трошоци во Република Македонија се оценуваат како високи. За ваквата состојба придонесоа покрај макроекономската политика, остриот стабилизационен програм и стагнацијата (која трае од осумдесетите години), уште и структурните неусогласености, неефикасните инвестиции и прикриената невработеност пренесени од минатото.

Релативно големото социјално разлојување на населението во Република Македонија е последица на дејствувањето на сите претходно изнесени фактори. Опаѓањето на производството, особено на индустриското, е основната причина за намалувањето на реалниот БДП кој, во 1997 година, претставува само околу 65.6% во споредба со остварениот во 1990. Во 1996 и 1997 година е остварен минималниот реален пораст на БДП од 0.7% и 1.5%, но тоа имаше мошне мало и незначително влијание врз зголемување на вработувањето и подобрувањето на квалитетот на живеењето. Невработеноста значително е зголемена, трошоците на животот повеќекратно порасна, а реалните плати и останатите примања на населението многу опаднаа (реалните плати во 1997 година изнесуваат околу 60% во споредба со состојбата од 1990). Голем дел на претпријатијата покажуваат загуба во работењето поради што се доцни во исплатата на и така ниските плати.

Освен тоа, долгогодишната хиперинфлација, вклучувајки ги и првите години по осамостојувањето, придонесе за масивна прераспределба на имотот на населението и за негово забрзано



социјално раслојување. Последиците од инфлацијата во прв ред и најповеќе се одразија врз лицата со ниски и фиксни парични примања, како и оние што не беа во состојба или не знаеа да се заштитат од неа. Од инфлацијата најповеќе страдаа пензионерите, земјоделците и лицата со пониско ниво на образование.

Сето тоа доведе до зголемување на разликите во приходите на одделните групи на населението. Коефициентот Гинис во периодот 1991 - 1997 година порасна од 22 на 27, што значи дека од индикатор на ниска нееднаквост се претвори во индикатор на умерена нееднаквост (овој коефициент е за 10 пати повисок во приватниот во споредба со јавниот сектор). Околу 70% од вработените примаат пониски плати од просечната, од нив околу 20% просечно примаат задоцнети плати, 2/3 од пензионерите примаат пониски пензии од просечната (просечната пензија изнесува 68% од просечната плата).[3] Во почетокот 1998 година повеќе од 65000 семејства или околу 235000 лица се корисници на социјална помош.

Во периодот по 1991 година настана процес на засилено социјално поместување помеѓу одделните групи на население. Најголемо поместување се јавува од средните слоеви кон долните, односно кон тн. сиромашни слоеви. Притоа, сиромаштијата во Република Македонија е предимно рурална, застапена во земјоделските домаќинства, во домаќинствата со повеќе деца, во домаќинствата со ниско образование на членовите, во домаќинствата со најголем број на невработени, кај домаќинствата каде што непензиските социјални трабсфери се главен извор на приходи, како и старите и хендикипираните лица. Бројот на сиромашното население е во постојан пораст и тоа во 1994 година изнесува 9.0%, а во 1996 година 18.3% (мерено според критериумот 60% од средната еквалентна потрошувачка), односно 15.8% во 1994 година и 29.8% во 1996 (мерено според критериумот 70% од средната еквалентна потрошу-

[3] Национален извештај за човековиот развој 1998 (претходни резултати). Министерство за развој на Република Македонија, 1998, с.58-59.

вачка).[4] Според податоците на Светската банака, повеќе од 22% од домаќинствата беа под линијата на сиромаштијата во 1996 година.[5]

Обемот на сиромаштијата и на социјалното раслојување на населението на посреден начи може да се види од висината на социјалните фондови и нивното учество во буџетот на државата. Така, во 1996 година, учеството на социјалните фондови (пензиски, здраствен и за вработување), во буџетот на државата изнесува 37.6%, а во 1997 тоа учество е зголемено на 40.9%.[6] Во 1997 година, социјалните трансфери зафаќаат 28.9% во вкупните буџетски расходи, при што социјално загрозените смејества учествуваат со 7.2% во вкупните буџетски расходи, детските додатоци со 1.1%, трансферите во фондот за пензиско и инвалидско осигурување со 10.6%, трансферите за невработените поради структурни промени со 7.7% и трансферите за девизните штедни влогоди со 2.3%.[7]

Социјалното раслојување различно се манифестира кај одделните етнички групи. Тоа, во определена мера, може да се види од структурата на корисниците на социјална помош. Како најголеми корисници на социјална помош се јавуваат ромите кои во септември 1996 година учествуваа со 54.9% во вкупниот број на корисници на социјална помош (во вкупното население, според пописот од 1994 година, оваа етничка група има учество од 2.2%), турците учествуваат со 20.9% во структурата на корисниците на социјална помош (во вкупното население на државата со 4.0%), албанците со 12.9% (во вкупното население на државата со 22.7%), македонците со 6.1% (во вкупното

[4] Научен собир "Социјалната сигурност на населението во Република Македонија во услови на транзиција". Економски институт-Скопје, Институт за социлошки и политичко правни истражувања-Скопје и Фондација Фридрих Еберт Канцеларија - Скопје, Скопје, 1997.

[5] The World Bank. Joint Country Assistance Strategy. Report No.18162 MK, 1988, p.8.

[6] Пресметано според податоци на Народна банка на Република Македонија.

[7] Национален извештај за човековиот развој 1998 (претходни резултати), с.66.



население учествуваат со 66.6%) и сите други со 12.2% (во вкупното население со 4.5%).[8] Притоа, треба да се има предвид дека во формирањето на ваквата структура на корисниците на социјална помош големо е влијанието на менталитетот на одделните социјални групи.

Неможноста да се користат девизните заштеди во банките придонесе за натамошно социјално раслојување на населението и за зголемување на бројот на бедните. Овие заштеди, пред 1990 година, изнесуваа повеќе од една милијарда германски марки, а сега се намалени на околу 700 милиони марки. Малубројни се лицата кои не се оштетени од оваа појава, а последиците најповеќе ги чуствуваат невработените, земјоделците, пензионерите и воопшто сиромашниот дел од населенеието. Понудените решенија за обештетување на овие штедачи малку придонесоа за подобрување на нивната имотна состојба. Еден дел од овие средства се искористени во рамки на приватизацијата на општествените претпријатија, дел беше претворен во готовина за околу 50% од вредноста, а дел беше искористен за други намени согласно законските можности (за плаќање данок на недвижности, за плаќање на царина и друго). Освен тоа, банкротирањето на неколку штедилници во тек на 1996 и 1997 година, заедно со другите појави на лажење на граѓаните со високи камати и други примања, придонесоа уште повеќе да се зголеми социјално раслојување на населението и бројот на сиромашните.

## 3. Социјална цена на макроекономската политика и на стабилизацијата

Рецесијата и високиот пораст на невработеноста во добар дел се последица на макроекономската политика и преострата рестриктивна монетарна политика, што во Република Македо-

[8] Јордан Јовановски: Институционалната заштита на осиромашеното население во Македонија од аспект на неговата национална припадност. Републички завод за унапредување на социјалните дејности, Скопје, 1997, с.5.

нија ја предизвика појавата на рецесивната стабилизација. Нагласката на макроекономската програма е насочена кон брзото соборување на инфлацијата и елиминирање на инфлаторните очекувања. Долгогодишното присуство на инфлацијата на овие простори и карактерот на инфлацијата во која се вградени и значителен број трошочни елементи, ја оправдуваат строгоста и сеопфатноста на борбата против инфлацијата.

Меѓутоа, општо е уверувањето дека економската и социјалната цена на транзицијата и стабилизацијата е мошне висока, а најранливи групи се невработените, земјоделците, пензионерите, поголемиот дел од вработените во државните институции, како и поголемиот дел од вработените во општествените и приватните претпријатија. Овие групи платија и сеуште плаќаат највисока цена и го носат основниот товар на транзицијата и на стабилизацијата на денарот.

Најголемо социјално разлојување на населениетио во Република Македонија настана со намалувањето на вработеноста и порастот на лицата кои не се вработени. Екстензивното вработување во претходниот систем не овозможи рационално и ефикасно користење на човечките потенцијали. Воведувањето на пазарното стопанисување наметна ефикасно користење на сите производствени фактори, вклучувајќи ја и работната сила. Со процесот на приватизацијата настана масовно ослободување од вишокот на работна сила, што придонесе превработеноста во голема мера да се намали.

Во исто време, настана масовно губење на работа, висок пораст на невработеноста, предвремено пензионирање, како и отселување во странство, во прв ред на млади и високообразувани лица. Се зголеми социјалната несигурност, се појави феноменот на сивата економија како начин на преживување, сиромаштијата зеде замав, а од буџетот на државата се покриваат основните потреби на голем број на лица во рамки на посебната програма за социјална заштита.

Во 1990 година, во Република Македонија, бројот на регистрираните вработени изнесувал 507.3 илијади лица, од кои 318.1 илијада мажи и 189.2 илијади жени, додека на крајот на



1997 година, тој број е помал за 187.8 илијади, односно се вработени 319.5 илијади, од кои 197.8 илијади се мажи, а 121.7 се жени. На крајот на 1996 година, околу една третина од вработените беа во тн. општествен сектор, повеќе од една третина во приватниот сектор, една четврина во мешовитиот сектор, а помалку од 5% во државниот сректор.[9]

Стапката на невработеност изработена согласно меѓународните стандарди (Анкета на работната сила) и која овозможува меѓународно споредување, на крајот на 1997 година изнесува 36.0% и тоа за мажите 33.0%, а за жените 40.8%. Кога невработеноста се пресметува како однос помеѓу евидентираните невработени и активното население таа во 1997 година изнесува 41.7%, во споредба со 23.0% колку што изнесуваше во 1990.

Бројот на невработените на крајот на 1997 година изнесува 253.0 илијади лица од кои 138.1 илијада се мажи, а 114.9 илијади се жени. Во 1990 година бројот на невработените е значително помал и изнесува 156.3 илијади од кои 76.5 илијади се мажи, а 79.6 илијади се жени. Во периодот 1990 - 1997 година бројот на навработените е зголемен за 61.9%, односно повеќе невработени се 102.7 илијади лица.

Анализата на структурата на невработените според стручната подготовка го покажува степенот на социјалното раслојување на одделни групи од населението. Така, во 1997 година, 132.8 илијади невработени или 52.5% од вкупно невработените се полуквалификувани, неквалификувани и со ниско образование, 46.0 илијади или 18.2% се квалификувани и високо квалификувани, 59.4 илијади или 23.4% се со средно образование, 6.3 илијади или 2.5% се со вишо, а 8.6 илијади или 3.4% се со високо образование. Во структурата на вкупно невработените порасна учеството само на полуквалификуваните, лицата со ниско и ниже образовабние и тоа од 49.8% во 1990 на 52.5% во 1997 година, како и на квалификуваните и висококвалификуваните од 17.5%

---

[9] Национален извештај за човековиот развој 1998 (претходни резултати), с.46-50.

на 18.2%, додека учеството на другите групи е намалено. Во споредба со 1990 година, бројот на невработените неквалификувани, со ниско и ниже образование е зголемен за 55.0 илијади, на квалификуваните и висококвалификуваните за 18.7 илијади лица, на лицата со средно образование за 19.0 илијади, на лицата со више образование за 1.4 илијада, а на лицата со високо образование за 2.0 илијади.

Во структурата на невработените по возрасни групи, најголемо е учеството на лицата до 30 години (46.8% во 1997 година, а 71.3% во 1990), потоа доаѓаат лицата на возраст 30-40 години (29.5% во 1997 година, а 17.8% во 1990), лицата над 40-50 години се значително помалку (15.3% во 1997 година, а 7.2% во 1990), а најмала група се лицата над 50 години (8.4% во 1997 година, а 3.7% во 1990).

Структурата на невработените според староста покажува дека во социјалното раслојување најповеќе се опфатени лицата до 30 години кои формираат околу половина од вкупниот број на навработени, како и лицата со над 30-40 години кои формираат помалку од една третина од невработените. Тоа значи дека една голм дел од највиталното населенеие (76.3% од невработените) спаѓа во групата на социјално загрозени лица.

Изнесените податоци покажуваат дека нестручните и недоволно квалификуваните лица најповеќе се погодени со процесот на намалување на превработеноста. Овие групи први беа на удар на бранот на отпуштање и во најголем дел ги почуствуваа и сеуште ги чуствуваат последицита на стабилизацијата и стагнацијата. Побарувачката за овие групи на невработени е најмала, поради што изгледите во догледна иднина да најдат вработување се мали. Денес може да се рече дека и нема побарувачка на работна сила, туку дека има само понуда, со оглед дека најголемиот број на вработувања се вршат со премин од државниот во приватниот сектор и тоа, во прв ред, на лица со повисок степен на квалификуваност.[10]

[10] Национален извештај за човековиот развој 1998 (претходни резултати), с.51.



Воспоставениот систем на осигурување во случај на невработеност им обезбедува неколку права на невработените и социјално загрозени лица. Невработените имаат право на паричен надоместок, право на обука, кбвалификација и преквалификација, право за здраствена заштита, право на пензиско и инвалидско осигурување, а се обезбедени и права на инвалидни лица за вработување под поволни услови. Во 1997 година, околу 50 илијади невработени лица или околу 20% од вкупно невработените, се корисници на материјални права, при што корисниците на паричен надоместок имаат право на пензиско и инвалидско осигурување. Корисници, пак, на здраствена заштита се околу 160 илијади лица или 63.2% од невработените.

Сивата економија во голема мера придонесува за ублажување на социјалните тензии. Таа, според некои истражувања опфаќа 40% и повеќе од бруто домашниот производ и за едена голема група од населението претставува начин за создавање на приходи и за преживување. Меѓутоа, сивата економија на повеќе начини придонесе за натамошно социјално раслојување на населението. Тоа посебно доаѓа до израз кај невработените што не можат да користат некое од правото за осигурување по основ на невработеност. Манифестации на вакво натамошно социјално раслојување се мошне ниските плати, невидената експлоатација преку продолжено работно време, ненавремената исплата на платите, необезбедувањето на нормални услови за работа, работа во недели и други видови на злоупотреби која многу потсеќаат на условите на првобитната капиталистичка акумулација. Оправдани се искажувањата дека на краток рок, сивата економија овозможува вработување, но, долгорочно, таа се јавува како пречка за трајно решавање на проблемот на невработеноста.

*

*  *

Претходно е изнесено дека цената на транзицијата во Република Македонија е мошне висока. Слично на некои други земји во транзиција, таа значително ги надмина почетните

размислувања не само во врска со времетраењето, туку и за обемот и степенот на сиромаштијата и социјалното раслојување на населението. Затоа, во сегашниот момент го поставуваме прашањето дали цената на преодот кон пазарната економија можеше да биде пониска и со помали ефекти врз социјалата состојба и диференцијацијата на населението? Дали со една успешно конципирана и ефикасно водена макроекономската политика, со подобра стабилизациона програма и адекватно осмислена и остварена приватизација, ќе се избегнеа или ќе се намалеа сегашните неповолни состојби во македонското стопанство и повеќестраните негативни последици врз социјалната положба на населението?

Несомнено дека неповолните ефекти на стабилизационата програма ќе беа во голема мера намалени ако со макроекономската политика не се дозволеше толку големо и долготрајно опаѓање на производство во периодот по 1990 година. Со подобро смислена макроекономска политика ќе можеше да се оствари активирање на дел од факторите на производството што останаа неактивни и да се зголеми домашното производство и агрегатната понуда. Бројни се појавите, во повеќе стопански дејности, на стопирано производство на домашни претпријатија и увоз на стоки со ист квалитет од странство. Во поинакви услови на стопанисување еден поголем број претпријатија ќе можеа успешно да функционираат, да произведуваат и да извезуваат и во актуелните отежнати услови.

Особено е малку направено во областа на развојот на малите бизниси каде што постојат значителни неискористени капацитети, работна сила, а и финансиски средства, кои со добро осмислена макроекономска политика може да се активираат. Развојот на малото стопанство може да се оствари во релативно краток рок и истото ќе овозможи вработување на дел од невработените и на лицата што бараат работа. Освен тоа, постојат бројни мали претпријатија кои овожможуваат преживување на сопственикот и на неговото семејство, а на кои, обично им треба мала помош за да опстанат. За овие



бизниси треба да се води посебна даночна и кредитна политика со цел нивниот опстанок да не биде загрозен.

Во Република Македонија, иако инфлацијата брзо е сузбиена и макроекономската стабилност успешно се одржува, опаѓање на домашниот производ трае релативно долг период, се до 1995 година. Минималниот реален пораст на БДП во 1996 и 1997 година покажува дека е надминато дното на рецесијата и дека постојат услови стопанскиот растеж да се динамизира. Меѓутоа, за забрзување на развојот и намалување на невработеноста потребна е макроекономска политика која покрај стабилноста, како приоритет ќе го постави стопанскиот развој и намалувањето на невработеноста. Ваквата макроекономска политика ќе делуваа во правец на намалување на социјалната напнатост кај еден поголем дел од населението. Во спротивно, сегашната состојба и понатаму ќе се одржува која во теоријата е позната како “маѓепсан круг на сиромаштијата”.

# КОНЦЕПТОТ НА ПРИВАТИЗАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

*Александар Петроски*

## Сопственичкото преструктуирање на стопанството како процес

Во земјите кои поминаа од еден во друг општествен систем сопственичкото преструктуирање на стопанството претставува појдовна основа врз која настануваат промените. Оттаму, со право може да се каже дека сопственичкото преструктуирање на стопанството претстваува мошне сложен процес и бара поаналитичко проучување. Сложеноста на овој процес произлегува оттаму што истиот треба да се реализира како најзначајна фаза од длабоките општествено-економски промени при преминот од еден во друг општествен систем.

Земјите со повеќедецениски социјалистички систем на стопанисување во остварувањето на процесот на сопственичкото преструктуирање на стопанството се соочи со повеќе потешкотии. Меѓу позначајните се вбројуваат:

1. Повеќедеценискиот развој на пазарно-планско или планско-пазарно стопанство, во кое делувањето на пазарните законитости беа потиснати на маргините, придонесе за намалување на ефикасноста во управувањето со расположливите развојни фактори. Ова непосредно влијаеше врз намалување на економската ефикасност на стопанството, која пак, од своја страна претставува ограничувачки фактор врз остварувањето на процесот на приватизација.

2. Во услови на социјалистички систем на стопанисување се создадоа услови за развој на една филозофија со која приоритет се даваше на правата на вработените, додека одговорноста за неизвршените работни и други обврски се сметаше како колективна, без да се посвети посебно внимание



на истата. Ваквиот начин на размислување на населението и одделно на вработените, мошне тешко се менува бидејќи тоа е процес кој ќе потрае подолг временски период.

3. Сопственичка трансформација настанува, во основа, на вкупниот капитал, бидејќи во земјите со социјалистички систем на стопанисување скоро целокупниот расположлив капитал е во општествена или државна соственост. Ваквата сопственичка структура на капиталот го отежнува остварувањето на процесот на неговото преструктуирање од причини што станува збор за масовна трансформација. Многу поедноставно е остварувањето на овој процес во развиените земји со пазарно стопанство, каде всушност станува збор за доприватизација на капиталот кој е во државна или јавна сопственост, земји во кои не настануваат целосни општествено-економски трансформации.

4. Нивото на стопанстката развиеност исто така, непосредно влијае врз остварувањето на процесот на приватизацијата на општествениот и државниот капитал. Во услови на недоволна стопанска развиеност, ниска акумулативна и репродуктивна способност, превработеноста во стопанските субјекти и сл. а како резултат на таа и неповолни стопански движења, претставуваат ограничувачки фактори во остварувањето на процесот на сопственичката трансформација на капиталот од општествена, државна и јавна во приватна сопственост.

5. Недоволната проученост и теоретска подготвеност за решавање на проблемите кои произлегуваат од сопственичкото преструктуирање, не само што го забавува остварувањето на процесот на приватизацијата на капиталот, туку може да доведе до превземање на несоодветни потези во концепирањето на овој процес. Ова е резултат на тоа што проучувањата за сопственичката трансформација на општествениот капитал се од поново време, а промените се комплексни и мошне длабоки.

Ова се само некои од мноштвото потешкотии со кои се соочуваат земјите во кои пред отварањето на процесот на трансформација егзистираше пазарно-планско или планско-

пазарно стопанство. Имајќи ја предвид комплексноста и длабочината на приватизацијата на општествениот капитал и потешкотиите кои се јавуваат при остварувањето на овој процес, потребен е еден подолг временски период, во кој се бараат и ќе се бараат решенија за надминување на ограничувачките фактори, како од теоретски, исто така и од практичен аспект.

## Концептот на приватизација

Во Република Македонија, процесот на приватизација на општествениот капитал се остварува врз основа на повеќе законски решенија. Согласно сојузниот закон за општествен капитал од 1989 и 1990 година, донесен од надлежните органи на поранешна Југославија, приватизацијата на општествениот капитал, во основа се остваруваше преку моделот на издавање на интерни акции на вработените. По осамостојувањето на нашата држава донесени се повеќе закони за приватизација на општествениот капитал и преструктуирање на претпријатијата и тоа: Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, донесен во 1993 година; Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кои во своето работење покажале загуба (1995 година); Законот за трансформацијата на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште (1996 година) и Законот за приватизација на државниот капитал во претпријатијата, исто така од 1996 година.

Со постојната законска регулатива, трансформацијата на општествениот капитал и преструктуирање на претпријатијата се предвидува да се остварат преку примена на повеќе начини и техники и тоа во зависност од големината на претпријатијата.[1]

[1] Претпријатијата според просечниот број на вработени врз основа на работните часови во текот на една година, годишниот приход изразен во број на просечни месечни плати (бруто) по работник во стопанството и просечната вредност на деловната актива исто така, изразени во месечни плати (бруто) по работник во стопанството, поделени се во три групи и тоа: мали, средни и големи претпријатија.



За трансформација на мали претпријатија предвидено е да може да се трансформира преку два начина: 1) Откуп на претпријатието од страна на вработените и 2) Продажба на идеален дел на претпријатието. Согласно споменатата законска регулатива трансформацијата на средните и големите претпријатија можат да се трансформираат преку: 1) Продажба на идеален дел од претпријатието; 2) Откуп на претпријатието; 3) Продажба на претпријатието на лица кои го преземаат управувањето со претпријатието; 4) Издавање на акции заради дополнително вложување и 5) Претварање на побарувањата на доверителите во траен влог. Покрај овие начини, во законската регулатива предвидено е трансформацијата на претпријатијата да се врши и преку: 1) издавање на претпријатијата во закуп со клаузула за откуп; 2) трансформација со продажба на сите средства на претпријатието; 3) трансформација на претпријатието во стечај.

Имајќи ја предвид законската регулатива врз основа на која се врши сопственичката трансформација на општествениот и државниот капитал во Република Македонија и предвидените начини на трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, во основа станува збор за масовна приватизација и е избран модел на платена приватизација. Притоа предвидени се значајни попусти за вработените при откупот на општествениот капитал. Имено, на 30% од проценетата вредност на општествениот капитал се одобрува 30 % попуст и за секоја година работен стаж во претпријатието се одобрува 1% попуст. Исто така, предвидено е и се применува бесплатно отстапување на приоритетни акции на фондот за пензиско и инвалидско осигурување во висина од 15% од проценетата вредност на општествениот капитал. При ова интересно е да се истакне дека овие акции не носат и право на глас во процесот на управувањето со претпријатието.

Во концептот на приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал во Република Македонија, а со цел за поуспешна реализација на овој процес, големите претпријатија кои во еден подолг временски период во своето работење искажуваат загуба се трансформираат со посебен закон. Овие прет-

пријатија се трансформираат според посебна програма, поддржана од Меѓународната банка за обнова и развој. Заради поефикасно функционирање во пазарни услови, секое претпријатие опфатено со оваа програма е должно во соработка со надлежните државни органи и Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал да изготви програма за трансформација.

За остварување на приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал во Република Македонија, согласно законската регулатива формирана е Агенција за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Агенцијата има својство на правно лице и ги врши работите поврзани со организацијата и контролата на трансформацијата на претпријатијата. Со Агенцијата раководи директор, а управувањето го води управен одбор. На предлог на Агенцијата, решение за приватизација на претпријатијата со општествен капитал донесува посебна комисија за приватизација, формирана при владата на Република Македонија.

## Остварени резултати

Приватизацијата на општествениот капитал во Република Македонија беше замислен да се реализира во законски определен рок. Ваквата определба во целост не ќе може да се реализира поради бројни потешкотии кои произлегоа во изминатиот транзиционен период. И покрај присутните ограничувачки фактори, карактеристични за земјите со планско-пазарно или пазарно-планско стопанство, во овој изминат период за кој се располага со официјални статистички податоци, во сверата на приватизацијата на општествениот капитал во нашата земја остварени се значајни резултати. Имено, на крајот од 1997 година од вкупниот број на претпријатија, кои согласно законската регулатива беа предвидени за на трансформација, извршена е приватизација на 93,1%. Притоа, користени се сите предвидени модели на трансформација, но најзастапени се моделите: Откуп од вработените (29,2%); продажба на претпријатието на лица кои го преземаат управувањето (16,8%); откуп на претпријатието (11,3%) и тн.



Според степенот на приватизираност на општествениот капитал кај 42,3% од трансформираните претпријатија приватизирани се 100%. Кај 35,4% од трансформираните претпријатија, општествениот капитал е приватизиран над 50%. Што значи 77,7% од трансформираните претпријатија го имаат отплатено општествениот капитал од 51 до 100%. Отплатата на општествениот капитал кај останатите претпријатија е поламла од 50%.[2]

Од втората половина на 1996 година, односно по донесувањето на Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделско земјиште, отворен е и процесот за трансформација на правните субјекти од аграрот. До крајот на 1997 година околу 30% од правните субјекти од оваа стопанска дејност се приватизирани. Тоа се претежно мали и средни претпријатија. Трансформацијата на земјоделските комбинати поинтезивно се остварени во оваа година.

Во 1991 година 83,3% од општествениот производ во стопанството на нашата земја е остварен во општествениот, а 16,7% во приватниот сектор. Учеството на приватниот сектор во создавањето на општествениот производ во 1995 година е зголемено за 14,7 процентни поени и изнесува 31,4%, а учеството на општествениот сектор изнесува 68,6%. Според информацијата бр. 3294 на Заводот за платен промет Скопје, за остварените финансиски резултати во стопанството на Република Македонија во 1997 година, учеството на трансформираните правни субјекти во создавањето на вкупниот приход на вкупното стопанство во 1997 година изнесува 41,9%, на претпријатијата основани со приватен капитал 36,0%, а на учеството на останатите нетрансформирани (јавни, државни и

---

[2] Изнесените показатели се користени од Извештајот за работењето од Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал во 1997 година, Факти бр.1/1998 година.

други) правни субјекти изнесува 22,1%. Што значи дека 77,9% од вкупниот приход во стопанството на нашата земја му припаѓа на трансформираните правни субјекти и на формираните правни субјекти со приватен капитал, а 22,1% на останатите нетрансформирани правни субјекти. За трансформирани се сметаат оние правни субјекти во кои минимум 51% од капиталот е акционерски.

Независимо от наличието на определени особености при различните непълни семейства, социологическите изследвания сочат, че преобладаващата част от тях живеят в условията на бедност.[4] Отговорите на изследваните жени (разведени, вдовици, самотни майки) показват, че те не са просто бедни, те живеят в мизерия: не се хранят редовно, не се лекуват, не разполагат с елементарни битови условия. Това е и една от причините да приемат работа в черния сектор на неинституционализираната икономика.[5] Списъкът на проявленията на отрицателните въздействия на бедността при тази социална група жени може да бъде продължен с ограничаването на достъпа до образование, отклоняващо се поведение, маргинализация, отчужденост от държавата и обществото.

Бедността на жените от непълните семейства отправя редица предизвикателства пред социалната политика. Те са насочени в следните направления:

- осигуряване на работа като се мобилизират възможностите на активната политика в областта на заетостта. Специално внимание би следвало да се обърне на възможностите за развитие и участие в социалната икономика. Не по-маловажно в случая е търсенето на действени социално-икономически механизми, насочени към ограничаване на заетостта на тези жени в черния сектор на неинституционализираната заетост;

[3] Томова, И. Етнически измерения на бедността, ЕСИ на световната банка, С., 1998; Тодорова, С. Отклоненията от трудовото поведение на българите и циганите в условията на социален преход

[4] Жените в бедност, Изд. на МОТ и ПРООН, С., 1998.

[5] Христосков, Й и колектив. Неинституционализираната заетост и самонаетост, И-т по пазарна икономика, С., 1996.



- радикални промени в политиката за демографско развитие, отчитаща съвременната роля и значение на човешкия капитал и стратегическата роля на инвестирането в човешките ресурси;
- радикални промени в семейната социална политика, изградена на принципа на предварително поставените условия - плащанията за деца да се свържат с отговорното родителство по отношение на съхранение на здравето на децата, образованието им и т. н.;
- стимулиране развитието на нова фирмена социална политика, съответстваща на препоръките на Европейския съвет по заетостта, насочени към насърчаване на адаптивността на предприятията за съчетаване на работата и семейството.
- засилване на взаимодействието между държавните институции и структурите на гражданското общество в работата по ограничаването на бедността сред жените от непълните семейства;
- мотивиране на личностните стратегии за ограничаване на бедността.

3. ***Бедността сред възрастните жени*** формира друга социална група със значимо място в очерталата се бедност сред жените в нашата страна.

Данните на Националния статистически институт, получени от изследването на „домакинските бюджети", очертават наличието на два пъти повече жени в групата на пенсионерите с най-ниски доходи. Цитираното изследване обхваща 2195 домакинства на пенсионери, разделени на четири групи в зависимост от величината на доходите им. Данните очертават и тенденцията с увеличаване на доходността на групата да се увеличава и процентът на мъжете в нея, а процентът на жените да намалява. Разликата в подоходното разпределение между двата пола е показателна за феминизирана бедност сред възрастните.

**Таблица 7 Възрастов и полов състав на пенсионерите по квартилни групи**

| Възрастови групи | Общо =100 | | I-ва квартилна група = 100 | | II-ва квартилна група = 100 | | III-ва квартилна група = 100 | | IV-ва квартилна група = 100 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мъже | жени | мъже | жени | мъже | жени | мъже | жени | мъже | жени |
| 1992 | | | | | | | | | | |
| **Общо=100** | **38.2** | **61.8** | **32.9** | **67.1** | **38.3** | **61.7** | **39.1** | **60.9** | **42.3** | **57.7** |
| До 49 г. | 0 .5 | 0.6 | 0.5 | 1.1 | 0.3 | 0.7 | 0.5 | 0.6 | 0.6 | 0.2 |
| 50-59 г. | 2.4 | 9.5 | 1.7 | 8.0 | 1.8 | 9.6 | 2.8 | 10.3 | 3.1 | 10.2 |
| 60-64 г. | 8.1 | 14.4 | 5.9 | 12.4 | 7.8 | 13.7 | 8.1 | 15.1 | 10.5 | 16.2 |
| 65-69 г. | 9.5 | 13.1 | 9.0 | 13.1 | 9.6 | 13.3 | 10.0 | 12.7 | 11.6 | 13.4 |
| 70 и повече г. | 17.7 | 24.2 | 17.8 | 32.5 | 18.8 | 24.4 | 17.7 | 22.2 | 16.5 | 17.7 |

**Източник: Национален статистически институт, непубликувани данни за 1997 г.**
**I група - домакинства на пенсионери с най-ниски доходи**
**IV група - домакинства на пенсионери с най-високи доходи**

Възможностите за преодоляването ѝ могат да се търсят в следните насоки:

- изграждането на инфраструктура, стимулираща стратегии за икономическа активност на възрастните, насочена към: 1) развитие на домашни помощни стопанства; 2) самонаемане; 3) вторична заетост след пенсиониране; 4) насочване към заетост в третия сектор и др.;
- усъвършенстване на политиката на пенсионно то осигуряване на принципа на социалната справедливост;
- промени в нормативната уредба, насочени към търсене на съдебна отговорност за неизпълнение на синовния дълг към родителите, в случаите, че децата им имат тази възможност;
- активизиране на гражданското общество;



- въвеждане на гъвкави режими при използване на базата на „Социален отдих“ за нуждите на възрастните особено през зимния сезон;
- децентрализация на социалните грижи за възрастни към органите на местното самоуправление;
- сътрудничество между държавни и общински институции и структурите на гражданското общество.

### *4.Бедността сред работещите жени*

Тази разновидност на бедността сред жените се дължи на действието на следните фактори:

- мястото в общественото разделение на труда. Насочването на жените към сферата на нематериалното производство, където с малки изключения (финанси, застраховане) заплащането е по-ниско в сравнение със заплащането в материалната сфера. И преди 1989 г. и след това участието на жените в нематериалното производство достига почти 2/3 от заетите. Това предопределя величината на заплащането и различията между работещите мъже и жени, независимо от равнопоставеността между половете, предвидена в закона.
- мястото в професионалното разпределение на труда.

Глобалните цивилизационни процеси доведоха до навлизане на жените в традиционните мъжки професии - тези на лекарите, икономистите и др. подобни. В резултат на това здравеопазването, образованието, финансите и др. се феминизираха. Относителният дял на заетите в тях жени достигна 70 и повече процента. С феминизацията на тези отрасли на нематериалното производство се очерта тенденция трудът в тях да се обезцени като статус и заплащане. По статистически данни заплатите на жените у нас представляват 74%от заплатите на мъжете.[6] С навлизането на мъжете в банковото дело в последните години се наблюдава постепенно изтласкване на жените и неколкократно увеличаване на заплатите сравнено със заплатите в останалите отрасли;

- мястото в организационната йерархия е друг същест-

[6] Костова, Д. Икономическите елити, И-т по социология, 1996.

вен фактор, детерминиращ съществени разлики при заплащането между представителите на двата пола. В стопанското управление процентът на жените - ръководители на предприятия е незначителен - 11%. По-широко са представени жените на средното равнище на управление в държавните предприятия - 17%.[7] В частния сектор жените-предприемачи представляват 8%като повечето от тях са ориентирани към средния и дребен бизнес.

Много скромно е и участието на жените в държавното управление - 8.5%от депутатите в Народното събрание са жени. В изпълнителната власт те не могат да се определят с процент, защото става дума за единични случаи. Малко повече са бройките на жените-кметове - 22, т.е. близо 10% от броя на кметовете в страната

• практиката на работа без договор. Тя е разпространена в предприятията на частния сектор и стои в основата на деформациите на заплащането на наемния труд въобще и в т. ч. на женския труд.[8] Липсата на предварителна регламентация на трудово-правните отношения принуждава жените да приемат такова заплащане, каквото работодателят определи. Подобно неспазване на неравнопоставеността между двете страни на трудовите отношения поставя работещите жени в неизгодна позиция - почти липсва възможност за участие в определянето на величината на заплащането.

Ограничаването на бедността сред работещите жени изисква коренна промяна най-вече в политиката на разпределение на доходите между труда и капитала.

Наред с това е необходимо:

- строг държавен контрол по спазването на трудовото законодателство;

- засилване на контрола от органите на местното самоуправление;

[7] Заетост и безработица, НСИ, 1997.

[8] Атанасов и колектив, Заетост и безработица в градовете на България, И-т по социология, С., 1994.



- осъществяване и на синдикален контрол;
- разширяване на сферата на действие на трипартизма.

*
* *

Ограничаването на бедността сред жените у нас следва да се разглежда като едно от основните направления на социалната политика. Променянето на модела й от егалитарен към социално-пазарен, свързан с реформата в социалната сфера, ще повиши ефективността на средствата, усилията и времето, инвестирани в това направление. За ускоряването на този процес се изисква наличието не само на държавни стратегии. Големи са възможностите в това отношение е на гражданското общество. Изисква се и лична отговорност от страна на самите жени - те също трябва да съдействат за преодоляване на дисбаланса в представителството на жените и мъжете в отделните икономически сфери и професии.

# СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА ВО УСЛОВИ НА ТРАНЗИЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Љубица Чонева*

## 1. Актуелни состојби на социјалната сфера

Во европските земји што имаа социјалистички систем на уредување меѓу кои и Република Македонија во рамките на поранешна Југославија, од почетокот на 90-тите години на овој век, настапија значајни реформски промени, наречени процеси на транзиција.

Падот на социјализмот означуваше и конечна пресвртница или победа на западниот капиталистички материјализам над источниот колективизам што го означуваше дотогашниот шематски развој на светот.

Брзото распагање на социјализмот и тенденциите за прифаќање на пазарната логика и промовирање на претприемничкиот дух, несомнено имаше за цел да се оди кон општество со континуиран економски раст кој ќе претставува придонес за интензивен социјален прогрес. Во тој премин од еден во друг економски и политички систем југословенската заедница се распадна на самостојни држави од кои некои се меѓународно признати, а некои се на пат кон таа своја определба.

Република Македонија своето осамостојување го доби по мирен пат без примена на сила и без жртви, што современиот свет го оценува како цивилизациски и современ пат. Настаните кои уследија, а пред се судирите меѓу новосоздадените држави, потоа економската криза, социјалните тензии, дадоа повод за екиптични размислувања за последиците од настанатите промени. Сé повеќе се говореше за ветувачка но несигурна транзиција која не донесе никаква нова идеја поради што многу жалеа за минатото и се посакуваше негово враќање. На прв план избија огромните проблеми со реформите кои уследија,



во т.н. транзиција, при што стана јасно дека демократското плуралистичко општество не се добива брзо, ниту лесно. Напротив, покрај политичките и економските проблеми, транзицијата исфрли на површина и не мал број проблеми поврзани со опаѓањето на стандардот на живот, невработеноста, социјална несигурност и сл. Во таа смисла брзо се сфати дека распаѓањето на социјализмот како општествен систем не е само еднократен чин.

Бедата и сиромаштијата, како нејтрауматични последици од долгогодишната неефикасност на социјалистичкото општество, во новите услови не се склони кон анализи и логицирања. Тие не признаваат економски законитости и трендови туку бараат да се делува на нив брзо со можни средства во правец на корегирање на истите. Вклопувајќи се во современата концепција за промени во државите во транзиција во кои во нашата непосредна близина дојде до една мошне декадентна и во поновата историја незабележана војна, Република Македонија на своите трансформации им пристапи на организиран начин, раководени од нејзината Влада. Според тоа во периодот на деведесетите години Република Македонија се обврза да ги моделира насоките на промените, во зависност од расположивите можности да создава основи за функционирање на конкурентно стопанство и колку што е можно повеќе да се труди на своите граѓани да им обезбедува можности за индивидуален развој и за промоција на сопствените квалитети. Значи државата кај нас во транзициониот период е субјект кој во сложени и турбулентни услови превзема исклучително значајни дејствија, чија содржина се витални елементи за суверенитетот и стабилноста на социјалната сфера.

Започнатите реформи во периодот на изразена макроекономска нерамнотежа ја принудија Република Македонија за својот развој да бара подршка од меѓународните финансиски институции, чија политика во последните години се карактеризира со голема рестриктивност, но и изразена селективност. Во тие околности кога немаше друг избор за поповолна подршка, Република Македонија ги прифати правилата на игра

што ги наметнуваа светските финансиски асоцијации, особено Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд, кои мошне експлицитно ги поставија своите услови за брзо изведување на повеќе паралелни реформи во оваа прилично сиромашна држава. Поголем број наши економски стручњаци ценат дека развиените земји колку и да покажаа задоволство и декларативна поддршка за реформите во социјалистичките земји, се наметнува впечатокот дека тие во своите прогнози, го потценија социјалниот аспект на трансформациите.[1]

Со одредени меѓусебни разлики, земјите од Централна и Источна Европа, недостигот на финансиски средства за обезбедување на социјална сигурност по превземените реформи го плати со социјални потреси, а во последните години и со изразени рецидивни тенденции за враќање на стариот поредок.

Република Македонија во тој контекст, го задржа социјалниот мир на своите граѓани, но едновремено се најде пред многу сериозни задачи кои можат да се сметаат за револуционерни за транзициониот период.Такви се создавање на потребен социјален амбиент преку соодветен систем за функционирање на новото општество, востановување моќна приватно-сопственичка структура, претприемачки класи, градење на парламентарна демократија и сл.

## 2. Социјалната политика меѓу научниот концепт и практиката

Основната тема на овој труд налага да се задржиме на оние аспекти кои произлегуваат од предметот и целите на социјалната политика, политичката и правната основа на оваа област и постигнувањата од аспект на обезбедување социјална сигурност на населението во периодот на транзиција. Овој пристап ќе се обезбеди преку кохерентно-теориската концепција за социјалната политика и релевантната општествена рамка

[1] Олга М.Тикварска, Социјалната политика-неопходна подршка на приватизацијата, во зборник вСоцијалната политика во транзицијаг, Скопје, 1990, стр.45.



на нејзиниот систем во Република Македонија.

Интересот за овие аспекти на социјалната политика денес посебно е присатен кај научната и политичката јавност особено во изразито сложените економски, социјални и политички прилики кои се присатни не само во нашата земја, туку и целиот Балкански Полуостров.

Социјалната политика според дефиницијата остварува одредена значајна улога на општеството преку превземање мерки со цел да се подобрат или да се променат условите на материјалното или културното живеење, согласно со прогресивниот развој на социјалното право и со економските и политичките можности на единствената држава во дадениот момент.[2]

Според тоа социјалната политика како државна и општествено-практична, но и научно фундирана област ги третира човечките потреби и проблеми па според тоа влијае и врз остварувањето на целите на глобалниот општествен развој на земјата. Поради тоа, современите теоретичари од оваа област го потенцираат нејзиниот општествен аспект во современите прилики, истакнувајки дека преку неа се остварува хуманоста на демократското општество. Најилустративна потврда на оваа констатација се сретнува во студијата на Сидерман “Основи на современата социолошка наука” каде вредностите на социјалната политика се сметаат за сигурен критериум на политичката зрелост и цивилизациски престиж, а социјалните реформи како основа за голема иднина на секоја земја. Ова значење на социјалната политика придонесува, во современите демократски системи нејзините цели да се основа на борбата за власт, но исто така и основ за стабилноста на власта. Овде социјалната политика е интегрален дел на општата политика, преку која се остварува плурализмот, односно преку која се освојува власта. Поради тоа социјалните цели се во фокусот на основната платформа во програмите на политичките пар-

[2] Подетално за дефиницијата на социјалната политика Havier Greffe, La Politique Sociale", Paris: PUF, 1975, str.3

тии, а цивилизираните граѓани во изборната трка на преден план ги истакнуваат своите интереси за прогрес и социјална правда. Ова од проста причина што во еден функционален политички систем постои релативно високо ниво на политичка култура па релевантните учесници во таквиот систем го сваќаат значењето на социјалната сигурност на граѓаните во тоа општество.

Постоењето на функционален политички систем подразбира и развиен систем на контрола од опозиционите партии и од разните сегменти на граѓанското општество, што во практиката претставува постојан притисок врз актуелната власт да го развива системот на социјалната политика пралелно со економскиот развој, но во согласност со постојните можности на државата.

Македонскиот политички систем во транзициониот период која е во формирање на својата демократија и ги нема сеуште достигнати атрибути на функционален политички систем, не значи дека нема и високо чувство за потребата да развива систем на социјална сигурност на своите граѓани. Ова дотолку повеќе што потребите за развоен модел на социјално политички мерки постои преку пет децении и веќе има најдено одреден одраз во свеста на секој граѓанин во Република Македонија.

Во оваа констелација на општествено-политички околности кои го одразуваат развојот на социјалната политика во транзициониот период за поволен се оценува фактот што во политичката структура преовладува бројот на партии и нивни претставници во паралементарната власт, кои поради своите изборни програми и ветувања, како и поради политичкиот имиџ, не смеат пресудно да го потценат значењето на оваа општествена дејност, во чија основа е социјалната сигурност на населението.

Во транзициониот период поради одредени социјални и други причини (опаѓање на економската моќ на популацијата, опасноста од социјални немири и слично), државата се јавува како регулатор, не дозволувајки во некои области функционирање на пазарните законитости. Во областите што се од посебен интерес, идејата за слободен пазар, се претвара во практика на пазарот контролиран од државата. Притоа, државата секогаш не ги ефектуира сите расположиви механизми за собирање средства за реализација на социјалната политика, а со тоа не може да се реализира ни социјалната политика. Така од практика на држава со социјална традиција, се преминува во практика на држава без социјална политика.



Меѓутоа, генерално може да се оцени дека промените во моделот на социјалната политика во бившите социјалистички земји се одвиваат мошне бавно и дека сеуште ни одблиску не може да се согледа целината на моделите на социјалната политика во пазарни услови во тие земји. Кон ова ќе додадеме дека сеуште не е поблиску конституиран ни пазарниот модел на стопанисување во тие земји. Но, сериозните социјални проблеми при преминот кон пазарно стопанство се јавуваат и како пречка во економските промени. Во целина, промените што се остваруваат во социјалната политика претставуваат “корекција” на социјалистичкиот систем на оваа област во наведените преодни услови, но не и градење на нов целосен нејзин модел.

Додека демократичноста кај нас се конституира како начин на живот, ние мораме да инсистираме на солидарност со сите економски, правни па и вонекономски мерки на репресија. Дотолку повеќе што кај нас веќе од ден на ден се зголемуваат маргинални групи на неуспех, економски развој и потчинета положба на социјалната политика од времето на договорната економија. Голем број од населението е надвор од процесите од трудот, а бројни генерации кои излегуваат од универзитетските клупи, не остваруваат право на работа. Исто така се нема јасна претстава за минатиот и тековниот труд за генерацијата. Тоа уште подрастично се гледа во несреќната судбина на стечајните работници, печалбарите, сезонските работници и сл.

До вчера вредни и чесни работници, денес се соочени со големи проблеми и неволји. Голем број од нив се сиромаси,

иако се вработени и работат. Истовремено расте бројот на питачите, алкохоличарите, проститутките, делинквентите. Бројот на наркоманите, особено во големите градски центри, секојдневно се зголемува. Овие патолошки групи не ги познаваме ниту по обемот, ниту по импликациите што ги донесуваат, освен оние поединци со изразито криминогени однесувања. Преку овие патолошки појави се искажуваат нашите менталитети, груб индивидуализам и неуважување на патријархалните ниту позитивните правни прописи и норми. Целата оваа патологија и раслојување имаат дополнителни стимуланси не само во судирот на современото и патријархалното, договорната и пазарната економија, колективизмот и индивидуализмот, туку и во продолжување на сеопштата криза во која се девалвирани старите вредности, а нови не се изградени.

Кога кон наведените неповолни околности ќе се додадат останатите објективни состојби на пост-комунизмот (недостаток на продукција на пазарното стопанство, неразвиена капитал-иницијатива и нестабилизиран слој на работодавци, неизграден и плурализиран синдикат, и неизградена современа и ефикасна држава), лесно е да се констатира дека дури и институционалните претпоставки на секоја социјална политика, како што се социјалните партнери (синдикатот на работниците, синдикатот на работодавачите, и државата), не го поседуваат соодветниот субјективитет за да можат да одговорат на потребите на современата социјална држава. Покрај тоа не може да се констатира дека Република Македонија спаѓа во едно капиталистичко општество од западно-европскиот модел, заради транзициониот карактер на државата. Меѓутоа, нема сомневање дека присатен е систем на мешовита сопственост (јавен и приватен сектор), приватизацијата останува како доминантна ориентација, а централното планирање и договорното стопанство со кои раководи државата исчезнуваат.

Во констелација на воведувањето на пазарно стопанство, се наметна потребата за една "посилна и доминантна држава" која ќе ги реализира потребите од населението од социјален карактер, наместо пазарното стопанство и развиена економија,



што е своевиден парадокс за демократски систем и социјална држава.

### 3. Поставеноста и функционирањето на одделните системи на социјалната политика кај нас

Во периодот означен како транзиција, Република Македонија според димензионирањето на социјалната сфера од аспект на обезбедување на социјална сигурност на своето население, го продолжува или поточно го редефинира поранешниот егалистички систем, со постепено обликување по пат на законската регулатива. Имено, со Уставот од 1991[3] год. се втемелени определен број вредности на уставниот поредок (член 8), меѓу кои спаѓаат: хуманизмот, солидарноста и социјалната правда. Тоа се всушност и принципите врз кои се темели социјалната држава за која се определи Република Македонија по своето конституирање како независна држава. Од овие темелни вредности произлегуваат повеќе уставни права на граѓаните меѓу кои се: правата од социјална заштита, здравствена заштита, право на образование, право на слобода на научно, уметничко и други видови творештво.

Исто така Уставот на Р.Македонија ја конкретизира обврската на државата да се грижи за социјалната сигурност на граѓаните, кои социјално-заштитните права ги остваруваат согласно со начелата за социјална правда.

Во контекст на новонастанатите услови за обезбедување на социјална сигурност на своите граѓани, Република Македонија на трансформациите им пристапи на одреден организиран начин, а превземените мерки и активности се примерени на економската, политичката и социјалната ситуација. Со нив се тежнее за што позабавено опаѓање на животниот стандард, по пат на гарантирање на минимум социјална сигурност. Покрај тоа со превземените мерки се настојува да се сочува одржувањето на минималното функционирање на

[3] Устав на Р.Македонија, вСл.весникг бр.52/91

општествените дејности од значење за социјалната сигурност на населението како што се образованието, здравството, социјалната и детската заштита и др.

### *3.1. Заштита на социјално загрозеното население*

Во сите години на транзицијата, Република Македонија се соочува со проблемот на осиромашување на населението кој историски гледано е производ на класната стратификација на секоја заедница, а во последните години повторно се интензивира во овие наши простори. Во тие рамки, Владата на Република Македонија воочувајки ја сериозноста и сложеноста на оваа проблематика уште во 1992 година донесе посебна програма за државна институционална заштита врз одредени критериуми. Иако "Програмата за социјално-загрозеното население во Република Македонија" поради сé поограничените материјални средства за оваа намена има нагласен рестриктивен карактер, перманентно се зголемува бројот на домаќинства и население кое е под линијата на сиромаштијата. Во септември минатата година, новата одлука за ова право изготвена од експерти од Светската банка имаше уште поизразени лимити во критериумите, постапката и нивоата за утврдување на овој вид парична помош, а од друга страна тенденцијата за зголемување на корисници на истата продолжува. Имено, социјална помош по овој основ се исплатува на околу 50-60.000 домаќинства со околу 200.000 жители како право на социјално-заштитен надомест за минимум социјална сигурност. На тој начин со овој вид на заштита се опфатени околу 10% од населението во земјата, за која цел средствата се обезбедуваат во целост од буџетот на државата [4]. Социјалната помош по овој основ се исплатува доколку вкупните

[4] За 1997 година средствата за оваа намена изнесуваа 2,4 милијарди денари што претставува 1,3% од општествениот производ на земјата заа година.



приходи во домашинството се помали од висината на утврденото социјално заштитно ниво и тоа како разлика помеѓу вкупните месечни приходи на сите членови и утврдениот износ, имајки ги во предвид бројот на членовите и нивната возраст.

Од аспект на одделните карактеристики на домаќинствата ко користат овој вид на помош, ќе наведеме дека околу 60% се од урбани средини, потоа доминира бројот на домаќинствата со четири члена (30,2%), а незначителен е бројот на многучлени домаќинства. Исто така старосната структура на корисниците покажува повеќе интересни состојби: 50,4% лица се главно невработени работоспособни лица од 18-59 годишна возраст. Оставајки го по страна скромното учество на старите лица (2,9) преку 60 години, загрижува високото учество на деца до 14 години (34,8) и од 15-17 години чиј број изнесува 13.433 деца и младинци кои се наоѓаат во фаза на основен биолошки и психосоцијален развој. Може да се претпостави дека кај нив поради незавидната општествена положба и лимитираните можности на семејството, не можат да се задоволат основните потреби (адекватна исхрана, нега, хигиена и сл.), и квалитет на живот адекватен на основните цивилизациски претпоставки. Поради ниски лични примања во слична ситуација се 423 корисници земјоделци и 1.058 пензионери иако имаат редовни пензиски примања.

Во разгледување на целите и намената на материјалното обезбедување на социјално загрозеното население во Република Македонија, се поставуваат две начелни прашања, кои истовремено претставуваат и параметри за општествената целисходност и оправданост на овој вид заштита. Имено, едниот аспект се однесува на висината на материјалната помош и колку тоа ги задоволува потребите на корисниците и второто дали таа доаѓа во "вистински раце". Од тој аспект стои дилемата дали се остварува поставената цел за заштита на социјално-загрозеното население, или пак спротивно од тоа претставува неоправдано користење на државните пари, што во суштина ја девалвира социјалната функција на материјалното обезбедување. Во тој контекст од аспект на влијанието на паричната

помош врз пазарот на трудот, присутна е дилемата во однесувањето на невработените кон барањето на нова работа. Со развивање на објективни критериуми за определување на нивото на сиромаштијата и развивањето на ревидиран модел за пружање на услуги, се настојува да се обезбеди зголемена ефикасност и праведност на системот на социјална помош.

### *3.2. Социјална заштита*

Концепцијата на системот на социјалната заштита во транзициониот период во Република Македонија се цени дека во основа е продолжение на претходниот модел на оваа област од посебен оптшествен интерес. Според својата комплексност, социјалната заштита во периодот пред деведесетите години кај нас во голема мера беше сеопфатна и добро структурирана и како таква влијаеше во градењето на нејзиниот нов концепт.

Од друга страна познато е дека редукциите во системот на социјалната заштита што битно ќе го намалат нивото на социјални права и услуги или опфат на корисници, ќе резултираат со зголемување на социјалната патологија, криминалитетот, социјалната безнадежност, и ќе го намалат чувството на социјална правда и патриотизам кај граѓаните. Затоа и нашата како и секоја власт во помала или поголема мера настојува да не го поремети значително континуитетот во развојот на оваа област, особено ако се има во вид нејзината општествено-економска и идејно вредносна страна.

Корисници на права и услуги од социјална заштита се граѓани од сите возрасни групи како што се: стари и изнемоштени лица; инвалидни лица и лица со пречки во психичкиот и физичкиот развој; материјално необезбедени лица и семејства; деца без родителска грижа; деца и младинци со воспитно социјални проблеми; лица со асоцијално поведение; брачни партнери во бракоразводна постапка; и други лица во ситуација на социјален ризик.

Институционалниот систем во оваа област во кој се остварува социјалната дејност (заштитата и услуги) се состои



од: центри за социјална работа како стручно-административни установи кои ги има во секоја општина, кои ги откриваат следат и интервенираат кај социјалните ситуации и одделните состојби, и уште 14 установи (домови и центри) во кои се врши згрижување и воспитување на малолетни лица без родителска грижа лица со воспитно социјални проблеми, инвалидни лица, стари лица и сл.

Вкупниот број на корисници на овие права и услуги изнесува околу 5.000, при кое сé повеќе се потврдува дека социјалната заштита во последните години се јавува во значајно поширок концепт и зголемена улога. Нејзиниот понагласен предмет на работа стануваат потребите на семејството, децата и старите лица како најчувствителни членови на оваа општествена група. Квалитетен подем во поставеноста на оваа област кај нас се огледа во преферирање на нематеријалните потреби, односно услуги на граѓаните како што се советодавната работа, заштита во домашни услови наместо во институции, преструктуирање на класичната социјална помош во заштитна помош на семејството и сл. Тоа без сомнение е значајна претпоставка за трансформација на оваа област и нејзина интеграција во глобалната социјална политика на македонската држава и нејзиниот социјален развој.

### *3.3. Општествена заштита на децата*

Детската заштита, согласно Конвенцијата на правата на децата на ООН, и со Уставот на Република Македонија утврден систем, се остварува преку згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст; одмор и рекреација на деца до 15 годишна возраст; парични примања на децата и други облици на детска заштита; заштитата и грижа за децата преку организиран систем на јасли, градинки и забавишта; и преку пружање на соодветна помош на родителите за остварување на нивните родителски обврски кон нивните деца.

а) Додатокот за деца се обезбедува во облик на парична

помош на родителите со пониски приходи во подигнувањето и школувањето на децата (до трето дете ) и има солидарен карактер. Се остварува врз материјален цензус и го примаат вработените родители со пониски приходи. Покрај ова се обезбедува посебен детски додаток за деца со умерени, тешки и најтешки пречки во психичкиот и физичкиот развој.

Во последните години, бројот на децата за кои се прима детски додаток постојано стагнира: од 177.000 во 1991 година на 80.000 во 1996 год. и 68.232 во 1998 година, а посебен додаток користат 2.050 деца и младинци до 26 годишна возраст. Висината на детскиот додаток во последната година изнесува 500 денари месечно за децата до 15 години, и 800 денари за младинците од 15-26 години доколку се вклучени во процесот на образование.

Едновремено, заради едукација и помош на мајката родилка за секое првородено дете се обезбедува беби пакет во вредност од 4.200 денари со најнеопходни работи за хигиена, а годишно го користат околу 15.000 деца.

б) Згрижувањето на децата од предшколска возраст во нашата држава е организирано во градинки во чиј состав работат и јасли. Со нив во последните години се опфатени околу 17% или 40.200 од децата во Републиката на возраст од 0-7 годишна возраст.

Рестриктивната политика кон бројот на корисници и висината на износот на додатокот за деца, укажуваат на значајни отстапувања во праксата од начелата на прокламациите за помош на децата и еднаков старт во животот, што претставува отстапување од тие определби, па дури и негација.

Заради неповолната економско-социјална положба на населението во Македонија, постои помал интерес кај родителите за вклучување на нивните деца во градинка, а се користат услугите на баби и дедовци или други (роднини, пријатели) при што изостанува организираната стручна социјализација на децата од предшколска возраст. Заради овие околности во функционирањето на социјално-политичкиот систем во оваа област има доста причини да бидат незадоволни од оваа



заштита на државата кон семејството, граѓаните, родителите и корисниците на додатокот и да се чувствуваат несигурни и загрижени за својата егзистенција.

На крајот ќе констатираме дека македонското општество се наоѓа во транзиција со повеќе хетерогени структури на живеење, со нагласен товар на историското наследство, па поради тоа нужно е да се инсистира на еволуциска трансформација на социјалната сфера.

Социјалната политика која е репрезент на оваа сфера во граѓанското општество треба да обезбедува елементарни претпоставки за репродукција на животот и да гарантира сигурност на сите граѓани врз принципите на социјална правда и еднакви шанси, што е и мотото на современата социјална држава и реална иднина на нашата држава.

## АВТОРИТЕ

*Александар Петроски* - проф., директор на
Економски институт - Скопје

*Атанас Атанасов* - ст.н.с. I ст. дсн, завеждащ секцив „МСИОМ“ на Института по социология при БАН

*Благоја Наневски* - проф., Економски институт -Скопје

*Георги Фотев* - проф. д-р, директор на Институт по социология при БАН

*Јорде Јакимовски* - проф.д-р, директор на Институт за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје

*Љубица Чонева* - доц.д-р - Институт за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје

*Николай Тилкиджиев* - ст.н.с. д-р, завеждащ секция „Общности и социална стратификация“ на Института по социология при БАН

*Саша Тодорова* - ст. н. с. д-р, завеждащ секция „Социология на труда и социалната политика“ на Института по социология при БАН

## THE AUTHORS

*Aleksandar Petroski* - Prof. - Director of the Economic Institute, - Skopje

*Atanas Atanasov* - Dr., Senior Research Fellow - Head of Department „Methods of Sociological Study of Public Opinion“ at the Bulgarian Academy of Sciences

*Blagoya Nanevski* - Prof. - Economic Institute - Skopje

*Georgi Fotev* - Prof. Dr. - Director of the Institute of Sociology at BAS

*Yorde Yakimovski* - Prof. Dr.- Director of the Institute of Sociological and Political-Legal Studies - Skopje

*Lyubitsa Tchoneva* - Doz. Dr. - Institute of Sociological and Political-Legal Studies - Skopje

*Nikolai Tilkidjiev* - Dr., Senior Research Fellow, Head of Department „Communities and Social Stratification“ at the Institute of Socology at BAS

*Sasha Todorova* - Senior Research Fellow, Head of Department „Sociology of Labour and Social Policy“ at the Institute of Sociology at BAS

## CONTENTS

INTRODUCTION .......... 7

SOCIAL STRATIFICATION IN THE BULGARIAN TRANSITION: IDENTIFICATION, SOCIAL STRATA, TENDENCIES
*Nikolai Tilkidjiev* .......... 11

THE SOCIAL STRATIFICATION AND THE QUALITY OF LIFE IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA
*Yorde Yakimovski* .......... 29

SOCIAL INEQUALITIES AND JUSTICE
*Georgi Fotev* .......... 43

THE MACROECONOMIC POLICY IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND THE SOCIAL STRATIFICATION OF THE POPULATION
*Blagoya Nanevski* .......... 58

THE CONCEPT OF PRIVATIZATION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND THE ACHIEVED RESULTS
*Alexandar Petroski* .......... 72

DIFFERENTIATION IN THE THIRD AGE UNDER CONDITIONS OF TRANSITION
*Atanas Atanasov* .......... 81

THE STRUCTURE OF POVERTY AMONG WOMEN
*Sasha Todorova* .......... 97

SOCIAL POLICY UNDER CONDITIONS OF TRANSITION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA
*Lyubitsa Tchoneva* .......... 112

THE AUTHORS .......... 126